Бр. 45	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**МЕНАЏМЕНТ НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО**			
2.	Код	**ФЗНХ 71**			
3.	Студиска програма	**Хортикултура**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Трета година/ V семестар**	7.	Број на ЕКТС Кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Претходни општи предзнаења од областа на економиката на земјоделството			
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Студентите ќе се стекнат со знаење за економските концепти поврзани со основањето, управувањето и раководењето на земјоделски стопанства кои се занимаваат со растително производство. Студентите ќе се здобијат со вештини за организирање на средствата за производство на земјоделските стопанства, за нормирање на трудот и за организацијата на производството на растителните култури. Понатаму, студентите ќе добијат основни вештини за планирање и буџетирање, деловна финансиска анализа и анализа на инвестиции. Студентите ќе покажат способност да користат аналитички методи и ќе се здобијат со вештини за решавање проблеми во делот на менаџмент на растително производство.				
11.	**Содржина на предметната програма:** Вовед во менаџмент на растително производство. Фактори кои влијаат врз земјоделското производство. Функции од аспект на менаџмент на земјоделското стопанство - организирање, одлучување, управување и раководење, планирање и проектирање. Реонизација, специјализација на производството и големина на земјоделските стопанства. Големина и основни пропорции на растителното производство. Мерење и оценување на интензивноста. Организација на земјишната територија. Организација на стопански двор. Организација на патна мрежа. Организација на водоснабдување. Рационална експлоатација на средствата за производство. Чинители и методи за зголемување на продуктивноста на трудот. Нормирање на трудот и методи за нормирање. Аналитичка процена на работните места и работните задачи. Организација на трудот на земјоделското стопанство. Вкупен приход, нето приход и негова распределба. Калкулации на одделни линии на производство и калкулации на цело стопанство. Основна деловна финансиска анализа, клучни показатели на успехот на работењето. Инвестициски калкулации, основи на инвестициска програма и деловен план. Економски односи меѓу деловите на стопанството. Анализа на стопанската дејност. Организација на производството на житни култури, индустриски култури, фуражни култури, градинарски култури. Организација на основна и на дополнителна обработка на почвата. Организација на ѓубрење на почвата, на сеидба и на заштита на растенијата. Организација на жетва и на берба. Менаџментот на ризикот при растително производство (извори на ризик и несигурност, однос кон ризикот, донесување на одлуки, алатки за справување со ризикот). Практичен дел на предметот: Земјоделско-стопански проект. Годишен производно-финансиски план. Оперативен план. План за извршување на работните процеси. Утврдување на норма време и работен ефект. Рационална организација на основните работни процеси во растителното производство. Најмалку едно предавање ќе се реализира преку теренска настава на студентите со посета на земјоделско стопанство и увид во менаџментот на земјоделското стопанство, односно со учество на гости-предавачи на часовите.				
12.	**Методи на учење:** Наставата ќе се реализира со теоретски предавања, поддржани со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални домашни и проектни задачи. Практичната работа ќе се реализира со вежби поврзани со методските единици, на конвенционален начин и со користење на MS Excel за компјутерска поддршка на решавање на поставените задачи. Во рамки на предметот, ќе се посвети внимание на обработката на податоци и презентирањето на резултати, самостојно и поединечно решавање на актуелни проблеми од областа на менаџментот во растителното производство.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови
16.		16.1	Проектни задачи	**20**	часови

	Други форми на активности	16.2	Самостојни задачи	**20**		часови
		16.3	Домашно учење	**65**		часови
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		**60**		бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**		бодови
	17.3	Активност и учество		**30**		бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**
			од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**
			од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**
			од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**
			од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**
			од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		**Изработени домашни работи**			
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**			
22.	Литература					

Задолжителна литература

	Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
22.1	1.	Olson, K.	Farm management, Principles and Strategies	Wiley-Blackwell	2014
	2.	Кеј, Д. Д., Едвардс, В. М.,	Менаџмент на Фарма	Три	2009
	3.	Пешевски, М.	Менаџмент во поледелското производство (авторизирани предавања)	Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје	2019

Дополнителна литература

	Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
22.2	1.	Stephenson, G.	Whole Farm Management: From Start Up to Sustainability	Storey Publishing	2019
	2.	Billikopf, G. E.	Labor Management in Agriculture: : Cultivating Personnel Productivity	University of California	2014
	3.	Martin, D., Fery, M.	Growing Farms: Successful Whole Farm Management Planning Book	Oregon State University	2011
	4.	Olson, K., Westra, J.	The Economics of Farm Management A Global Perspective (2nd Edition)	Routledge	2022
	5.	Пешевски, М., Анакиев, Б.	Организација на поледелското производство - практикум.	Земјоделски факултет, Скопје	1995
	6.	Миланов, М., Мартиновска Стојческа, А.	Трошоци и калкулации во земјоделството	Земјоделски факултет, Скопје	2002